РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДП бр. 02-270/18-5

07.06.2018 год.

С К О П Ј Е

Друштво за трговија и услуги
ПРИМАОФИС ДООЕЛ
Бр. 05-241/3
13.06 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ ТОНЕРИ

Склучен на ден 07.06.2018 година помеѓу:

1. **Република Македонија Државно правобранителство на Република Македонија Скопје**, ул. Гоце Делчев бр.18, застапувано од Државниот правобранител на Република Македонија, во понатамошниот текст набавувач, и

2. **Друштво за трговија и услуги "ПРИМАОФИС " ДООЕЛ Скопје,** Ул. Мирче Ацев бр. 7-3/17, со ЕДБ 4080017570038, застапуван од одговорно лице Бојанка Георгиевска, во понатамошниот текст носител на набавката.

.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на канцелариски материјал, со негова испорака и транспорт во просториите на набавувачот, за ДЕЛ 2 - канцелариски материјал-ТОНЕРИ од тендерската документација, по оглас број 1-4/2018 во ЕСЈН

. Предметот на набавка од ставот 1 од овој член е канцелариски материјал опишан во Спецификацијата за предметот на набавката во постапката ЈН бр.05-04/2018, во прилог на овој договор која преставува составен дел од овој договор.

## ЦЕНА

Член 2

Вкупната цена на предметот на набавка изнесува 303.100,00 ден.без вклучен ДДВ, односно 357.658,00 денари со вклучен ДДВ, а поединечната цена на елементите на канцеларискиот материјал-тонери е определена во Понудата на носителот на набавката, со тоа што истата се намалува еднакво на процентот на намалување на првичната понуда со крајната цена постигната по завршување на Е-аукција, во прилог на овој договор која претставува составен дел од овој договор.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Плаќањето на цената утврдена во членот 2 од овој договор ќе се врши вирмански за испорачан канцелариски материјал, во рок од 30 дена по добивањето на фактурата во Државното правобранителство на Република Македонија.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да изврши испорака и транспорт на канцеларискиот материјал-тонери кој е предмет на набавката утврден во членот 1 од овој договор, а подробно опишан во Спецификацијата за предметот на набавката, и во Понудата на носителот на набавката во прилог на овој договор која преставува составен дел од овој договор, во рок од 15 дена од денот на склучување на договорот.

Носителот на набавката е должен да издаде испратница за испорачан канцелариски материјал, во која ќе биде означено времето и местото на испорака, бројот и моделот на испорачаниот канцелариски материјал, и истата да биде пополнета во два примероци, по еден примерок за договорните страни.

Испратницата со полно име и презиме ја потпишуваат лицата задолжени од набавувачот, одговорното лице на носителот на набавката и лицето што ги испорачува.

Член 5

Носителот на набавката се обврзува дека при испораката, канцеларискиот материјал предмет на набавката ќе го предаде нов во потполна функционална состојба.

Носителот на набавката се обврзува испораката на канцеларискиот материјал предмет на набавката, да го изврши според видот и количината определена во членот 1 од овој договор и во рокот определен во член 8 од овој договор.

Овластен преставник на набавувачот ќе присуствува на испораката на канцеларискиот материјал, предмет на набавката и при утврдувањето на точната бројност, состојба на канцеларискиот материјал.

## ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ

Член 6

Набавувачот се обврзува дека ќе ја исплати цената, на извршена испорака на канцеларискиот материјал предмет на набавка, која е определена во членот 2 од овој договор, во рокот и на начин определен во членот 3 од овој договор.

Член 7

Набавувачот се обврзува во време во кое ќе биде испорачуван канцеларискиот материјал-тонери предмет на набавката, да задолжи лице кое ќе го прима испорачаниот канцелариски материјал и кое ќе ги потпишува испратниците.

## РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 8

Канцелариският материјал-тонери предмет на набавката ќе биде испорачан во рок од 15 дена од денот на склучувањето на овој договор.

Местото на испорака е во просториите на набавувачот, Државното правобранителство на Република Македонија ул.Гоце Делчев бр. 18, 6-ти кат во зградата на Македонската радио телевизија Скопје за ДЕЛ 2 - тонери од тендерската документација, и до секое подрачје на Државно правобранителство на Република Македонија и тоа во градовите: Тетово, Гостивар, Кичево, Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Кавадарци, Струмица, Гевгелија, Кочани, Штип, Велес, Куманово, на адреси дадени во техничката спецификација.

Член 9

Доколку носителот на набавката задоцни или не изврши испорака на канцелариският материјал предмет на набавката, во рокот определен во ставот 1 од членот 8 од овој договор, тој е должен на набавувачот да му плати договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена на канцелариският материјал од писмената нарачка на набавувачот.

Договорната казна од ставот 1 од овој член не може да надмине 5% од вкупната цена определена со ставот 2 од овој договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Кога едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска определена со овој договор, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 11

За се што не е договорено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и Законот за јавни набавки.

Член 12

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, со писмено барање на договорната страна која бара изменување и дополнување.

Одредбите на овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс договор во согласност со Законот за јавни набавки и другите законски прописи.

Член 13

За решавање на сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои не можат да се решат спогодбено, ќе биде надлежен Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Член 14

Овој договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја договорна страна задржува по два примерока.

Изработил: Андријана Сливоска

| НАБАВУВАЧ | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
| --- | --- |
| Република Македонија<br>Државно правобранителство<br>на Република Македонија | Друштво за трговија и услуги<br>"ПРИМАОФИС" ДООЕЛ Скопје,<br>Одговорно лице<br>**Бојанка Георгиевска** |
| Државен правобранител на<br>Република Македонија<br>**Државен правобранител<br>за подрачје Скопје<br>Саша Станчевски** | |